**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Републи Македонија, одржана на 25 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 17,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници, ја отворам Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Авдулади Вејсели и Љубчо Георгиевски ме известија дек асе спречени да присуствуваат на седницата.

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи, единствено ќе расправаме по 18-та точкаод дневниот ред на оваа седница.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанувањето на функцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанувањето на функцијата.

Бидејки се чини дека нема доволен број на пратеници во салата, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки има доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Гласаа 52 пратеници. Сите 52 пратеника гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Процедурално госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, согласно деловникот вие имавте обврска да го утврдите точниот број на пратеници во салата. Вашата аргументација дека има доволен број пратеници, не е доволна. Вие имате обврска да го соопштите точниот број на пратеници во салата, а бидејќи на дисплејот се гледа дека не гласале 61 пратеник, јас ве молам да ни го соопштите точниот број на пратеници во салата, за да знаеме дали е донесена одлуката или не е.

**Бесим Догани:** Во ред, ви благодарам госпоѓице Грковска.

Ќе ги замолам повторно службите да ни достават точен број. Ако нема точен број на пратеници во салата, тогаш ќе го повториме гласањето.

Во момнтот во салата имаше 60 пратеника, а првиот пат избројавме 61 пратеник, но бидејки цело време се движат пратениците. Еве сега се 61 повторно, го повторувам гласањето.

Повторно ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласаа 50 пратеника. Сите 50 пратеника гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласаа 52 пратеници, од нив 51 гласаа за, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 53 пратеници, затоа повторно би ги повикал службите да ни го достават точниот број на присутни пратеници во салата. Со се двајцата пратеници кои во моментот на гласање беа во салата.

Во моментот на гласање имаше 60 пратеници во салата, затоа ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да може да го изгласаме законот.

Бидејки во салата се присутни 62 пратеника, Предлогот на законот повторно го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеници гласаа за предлогот 56, од нив сите 56 гласаа за.

Констатирам дека Собранието годонесе Законот за изменување на Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство, по престанувањето на функцијата.

Сега драги колеги пратеници давам пет минути пауза да го смениме сценариото и продолжуваме со седницата за Буџетот. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)